Стручни рад
УДК:316:343.3/.7-053.2
ДОИ:10.7251/ZND2601738P

ЗЕЛЕНАТА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И БИХЕВИОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАКО ИНТЕГРАТИВЕН ПРИСТАП ВО РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ДЕЦА ВО РИЗИК И ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Наташа Павиќевиќ – Стојменовска[362]
Социјален работник
Претседателка на Здружение на социјални работници на Македонија, Скопје

Весна Милосављевиќ[363]
Психолог и психотерапевт
Здружение на социјални работници на Македонија, Скопје

Апстракт: *Детското престапништво претставува сложен општествен феномен кој е резултат на интеракција меѓу индивидуални, семејни и општествени фактори на ризик. Во последните децении, во научната и стручната литература сè повеќе се нагласува потребата од интегративни пристапи кои покрај правниот и социјалниот аспект го вклучуваат и концептот на бихевиорално здравје, односно факторите поврзани со емоционалната благосостојба, однесувањето и психосоцијалниот развој на децата. Во тој контекст, зелената социјална работа се развива како современ пристап кој ги поврзува принципите на социјалната правда, одржливиот развој и унапредувањето на менталното и бихевиоралното здравје преку активности поврзани со природната средина и заедницата. Целта на овој труд е да го анализира потенцијалот на зелената социјална работа како пристап во развојот и примената на еколошки програми насочени кон ресоцијализација на деца во конфликт со законот, со посебен осврт на нивното влијание врз подобрување на бихевиоралното здравје и развојот на просоцијално однесување. Трудот се потпира на анализа на релевантна научна литература, на практичните искуства во работата со деца во судир со законот во Македонија, на практичните искуства од пилот-активностите за промоција на зелена социјална работа во системот на социјална заштита и младинската работа, кои се реализираат преку активности и иницијативи на Здружението на социјални работници на Македонија и платформата „Заеднички за зелено застапување“. Активностите вклучуваат едукација на стручни работници во системот на социјална заштита и заштита на деца, развој на зелени програми и поттикнување учество на децата и младите во еколошки иницијативи во зедниците. Вклучувањето на децата во вакви активности може да придонесе за подобрување на емоционалната стабилност, развој на одговорно однесување и јакнење на чувството на припадност кон заедницата, што претставува важен протективен фактор во превенцијата на повторно престапничко однесување. Интегрирањето на принципите на зелената социјална работа и бихевиоралното здравје претставуваат значајни потенцијали за развој на иновативни пристапи во програмите за превенција и ресоцијализација на деца во ризик и во судир со законот.*

Клучни зборови: *зелена социјална работа, ресоцијализација, бихевиорално здравје, деца во ризик, деца во судир со законот, еко-социјални програми.*

[362] rzsrrm@gmail.com

[363] milvesna24@gmail.com

Вовед

Детското престапништво претставува сериозен и мултидимензионален социјален проблем кој произлегува од комплексна интеракција помеѓу индивидуални, семејни и општествени фактори на ризик (Farrington, 2012). Во рамките на овие ризик фактори се вклучуваат сиромаштијата, семејната дисфункција, социјалната исклученост, ограниченият пристап до образование и квалитетни социјални услуги, како и изложеноста на насилни и нестабилни средини. Во Република С. Македонија, овие структурни услови дополнително придонесуваат за продлабочување на ризикот кај децата и младите, особено кај оние од ранливи социјални групи (UNICEF, 2023).

Во контекст на разбирање на оваа проблематика, сè поголемо значење добива концептот на бихевиорално здравје, кој ги опфаќа емоционалната стабилност, самоконтролата и социјалното функционирање како клучни компоненти за здрав психосоцијален развој. Нарушувањата во овие домени често се поврзуваат со зголемена импулсивност, агресивно однесување и потешкотии во социјалната адаптација, што директно го зголемува ризикот од девијантно и престапничко однесување кај децата и младите.

Современите научни пристапи укажуваат дека традиционалните, казнено ориентирани модели на ресоцијализација не се доволни за справување со комплексноста на детското престапништво. Наместо тоа, се наметнува *потребата од холистички и интегративни пристапи кои ги поврзуваат психосоцијалните, еколошките и развојните аспекти на детето*. Во таа насока, зелената социјална работа се развива како иновативен концепт кој ја поврзува социјалната правда со еколошката правда и одржливиот развој, користејќи ја природната средина како ресурс за ресоцијализација, рехабилитација, едукација и јакнење на психосоцијалната благосостојба (Dominelli, 2012).

Дополнително, концептот на зелена пробација претставува современ пристап во рамките на системот на алтернативни санкции, кој ги интегрира општествено корисните активности со заштита на животната средина и развој на зелени вештини. Преку вклучување на децата и младите во активности како пошумување, рециклирање, уредување јавни простори и други еколошки иницијативи, се овозможува истовремено постигнување на рехабилитациски и еколошки цели, со потенцијал за намалување на рецидивизмот и јакнење на социјалната интеграција.

Паралелно со овие пристапи, Европската гаранција за деца претставува клучна рамка за политики на Европската унија, чија цел е обезбедување еднаков пристап до основни услуги како образование, здравство и социјална заштита, со посебен фокус на децата од ранливи категории (European Commission, 2021). Оваа рамка отвора значајни можности за интеграција на иновативни модели, вклучително и зелената социјална работа и зелената пробација, во националните системи за заштита на деца.

Во оваа смисла, трудот ја истражува можноста за интегрирање на концептите на бихевиорално здравје, зелена социјална работа и зелена пробација во развојот на програми за ресоцијализација на деца во ризик и деца во судир со законот, со цел унапредување на нивната психосоцијална благосостојба и намалување на ризикот од повторно престапничко однесување.

ТЕОРЕТСКА РАМКА

Детско престапништво и ризик-фактори

Детското престапништво претставува мултифакторски социјален феномен кој произлегува од комплексна интеракција на индивидуални, семејни и структурни ризик-фактори

(Farrington, 2012). Овие фактори не делуваат изолирано, туку се меѓусебно поврзани и кумулативно го зголемуваат ризикот од појава на девијантно и криминално однесување кај децата и младите.

Еден од најзначајните структурни ризик-фактори е сиромаштијата, која директно влијае врз квалитетот на живот и пристапот до основни општествени ресурси. Децата кои растат во услови на сиромаштија често се соочуваат со ограничен пристап до образование, здравствена заштита и социјални услуги, како и со намалени можности за позитивен социјален развој. Дополнително, хроничната изложеност на економска несигурност и стрес може да придонесе кон емоционални и бихевиорални тешкотии (UNICEF, 2023).

Семејната средина претставува клучен заштитен или ризик фактор во развојот на детето. Семејната дисфункција, која опфаќа елементи како родово-базирано и семејно насилство, занемарување, недоследно родителство и нарушени односи меѓу родителите, може значајно да ги наруши емоционалниот и социјалниот развој на детето. Во вакви услови, децата имаат ограничена можност да усвојат стабилни и социјално прифатливи модели на однесување, што го зголемува ризикот од антисоцијални активности.

Дополнително, социјалната исклученост и маргинализацијата претставуваат значајни ризик-фактори кои придонесуваат кон развој на чувство на отуѓеност, неприпадност и недоверба кон институциите и заедницата. Во ваков контекст, децата и младите почесто се поврзуваат со врснички групи кои можат да имаат девијантни норми и вредности, што дополнително го зголемува ризикот од вклучување во криминални и антисоцијални активности.

Овие ризик-фактори се особено релевантни во контекст на превентивните и интервенциските пристапи, како што е зелената социјална работа, која преку вклучување во природна средина и зајакнување на социјалната поддршка има потенцијал да ги намали нивните негативни ефекти и да придонесе кон развој на просоцијално однесување и отпорност кај децата и младите.

Бихевиорално здравје

Во Македонија терминот „бихевиорално здравје“ не е формално институционализиран како посебна системска политика или законска категорија. Наместо тоа, неговите компоненти се распределени низ неколку системи: ментално здравје (здравствен систем), превенција од зависности, училишна психологија и педагогија, социјална заштита. Тоа значи дека концептот постои имплицитно, но не интегрирано.

Бихевиоралното здравје како концепт претставува интегративен концепт кој ја опфаќа поврзаноста помеѓу однесувањето, емоциите и физичката благосостојба. Тој вклучува ментално здравје, нарушувања поврзани со употреба на супстанции и животни навики кои влијаат врз квалитетот на животот (Substance Abuse and Mental Health Services Administration [SAMHSA], 2020).

Бихевиоралното здравје ги опфаќа емоционалната стабилност, самоконтролата и социјалното функционирање како клучни компоненти на психосоцијалниот развој. Емоционалната стабилност се однесува на способноста за регулација на емоции во стресни ситуации, додека ниската регулација е поврзана со импулсивно и агресивно однесување.

Самоконтролата претставува способност за управување со импулсите и одложување на непосредното задоволство, што е особено значајно кај децата во ризик.

Социјалното функционирање се однесува на способноста за градење и одржување позитивни социјални односи. Недостатокот на овие вештини често води кон социјална изолација и девијантни групи.

Бихевиоралното здравје се разликува од менталното здравје, бидејќи опфаќа поширок спектар на однесувања и социјални детерминанти, додека менталното здравје се фокусира на дијагностицирани психички состојби (SAMHSA, 2020).

Како интегриран концепт, за првпат во Република С Македонија се спроведува преку активностите на Здружението на социјани работници на Македонија (Годишна програма за работа на Здружение на социјални работници на Македонија – ЗСРМ во 2026 година, Скопје 2026 година).

Зелена социјална работа

Зелената социјална работа претставува современ интердисциплинарен пристап кој ја интегрира социјалната работа со принципите на еколошка правда, одржлив развој и заштита на животната средина. Таа се заснова на разбирањето дека човековата благосостојба е нераскинливо поврзана со природната средина, при што природата се користи како ресурс за психосоцијална поддршка, рехабилитација и јакнење на отпорноста кај ранливите групи (Dominelli, 2012).

Во овој контекст, зелената социјална работа не претставува само теоретски концепт, туку и практичен модел на интервенција кој придонесува за подобрување на емоционалната стабилност, намалување на стресот, развој на самоконтрола и јакнење на социјалните вештини преку активности во природна и во заедничката средина. Еколошките активности како што се садење дрвја, уредување јавни простори, еко-работилници и иницијативи во заедницата се користат како алатки за психосоцијална поддршка и ресоцијализација.

Современите истражувања укажуваат дека изложеноста и ангажманот во природна средина може да имаат значајна улога во намалување на антисоцијалното однесување кај децата и младите. Еколошките интервенции сè повеќе се користат во рехабилитација на млади сторители на кривични дела, преку активности како зачувување на природата, хортикултура и работа во заедницата (White & Graham, 2015; Carter, 2007).

Студија спроведена со 23 деца во допир со законот во Велика Британија покажува дека работата во природна средина создава безбеден простор каде децата можат да развиваат позитивни социјални односи, да стекнуваат вештини и да се оддалечат од криминогени контексти. Наодите од оваа студија укажуваат дека природната средина:

- ја намалува агресијата и конфликтното однесување,
- ја зголемува самоконтролата и емоционалната стабилност,
- и го поддржува развојот на просоцијален идентитет.

Овие ефекти се поврзуваат со намалување на нивоата на стрес и кортизол, како и со зголемување на социјалната кохезија (Kuo & Sullivan, 2001; Taylor et al., 2015).

Во контекстот на Република С. Македонија, зелената социјална работа за првпат се воведува како пилот-пристап во системот на социјална заштита и младинска работа, како дел од програмата на Здружението на социјални работници на Македонија (ЗСРМ) во Скопје, преку проектот „Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“ (ZZZ – Green Advocacy Platform, n.d.). Овој проект претставува значаен чекор кон институционализација на еколошки ориентираните пристапи во социјалната практика и има за цел интеграција на еколошките пристапи во социјалната и младинската работа преку обуки, развој на локални иницијативи и јакнење на капацитетите на стручните работници за примена на зелени методи во работа со деца и млади во ризик.

Во рамки на проектот се реализираат активности насочени кон едукација на социјални работници, развој на програми за работа со деца и млади во ризик во природна средина, како и нивно активно вклучување во локални еколошки иницијативи. Пилот-активностите опфаќаат садење дрвја, еко-акции во заедницата, едукативни содржини и групна работа во природна

средина. Првичните резултати укажуваат дека ваквиот пристап придонесува за намалување на анксиозноста, зголемување на чувството на припадност кон заедницата и развој на просоцијално однесување кај учесниците.

Со тоа, зелената социјална работа во Македонија претставува не само нов теоретски концепт, туку и прв системски пилот-модел во рамки на програмата на Здружението на социјални работници на Македонија, Скопје и проектот „Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“, со потенцијал за понатамошна институционализација во системот на социјална заштита и системот на заштита на деца, на ресоцијализација и на превенција на детското престапништво.

Зелена пробација

Во контекст на децата во судир со законот во Република С. Македонија, пробацијата и алтернативните мерки имаат особено значајна улога, бидејќи системот на правда за деца е заснован на принципите на заштита на најдобриот интерес на детето, ресоцијализација и избегнување на институционализација. Законската рамка е уредена со Законот за правда за децата, кој предвидува воспитни мерки, мерки на засилен надзор и општокорисна работа како алтернативи на затворските санкции, при што пробациската служба учествува во нивното спроведување и надзор (Закон за правда за децата на Република Северна Македонија, 2024). Во овој систем, мерките во заедницата се насочени кон развој на одговорно однесување, образование и реинтеграција на децата, наместо нивна казнена изолација, што создава правна и институционална основа за иновативни пристапи како зелената пробација. Таа особено се вклопува во правдата за деца, бидејќи овозможува преку општокорисна работа во еко-социјални проекти и програми да се поттикне развој на вештини, позитивен идентитет и чувство на припадност кон заедницата, во согласност со ресоцијализациските цели утврдени во националната законска рамка (Закон за правда за децата на Република Северна Македонија, 2024).

Зелената пробација претставува иновативен модел на алтернативни санкции кој ги интегрира целите на ресоцијализацијата со заштита на животната средина, развој на зелени вештини и унапредување на социјалната одговорност кај лицата во судир со законот. Овој пристап се темели на идејата дека санкциите во заедницата можат истовремено да имаат казнена, рехабилитациска и еколошка функција, со што се надминува класичниот репресивен модел на казнување (Allen & Pitts, 2025).

Во рамките на зелената пробација, младите и лицата под надзор се вклучуваат во активности како пошумување, рециклирање отпад, компостирање, уредување јавни површини и учество во еколошки кампањи. Овие активности имаат двоен ефект: од една страна претставуваат исполнување на санкциските обврски, а од друга страна овозможуваат развој на социјални, работни и еколошки компетенции кои се значајни за нивна долгорочна реинтеграција во општеството.

Современите анализи на пробациските системи укажуваат дека нивната улога сè повеќе се проширува кон придонес во одржливоста на животната средина и намалување на еколошкиот отпечаток на институциите за правда (Allen & Pitts, 2025). Во тој контекст, се развива концептот на „зелена правда“, кој ги поврзува целите на кривичната правда со климатските и еколошките политики.

Емпириските примери наведени во меѓународната практика покажуваат дека ваквиот пристап веќе се применува во различни форми. На пример, во Кенија лицата под надзор учествуваат во национални иницијативи за садење дрвја како дел од поширок климатски цели, со што се комбинира ресоцијализацијата со еколошка акција и создавање позитивен

општествен идентитет („климатски амбасадори“) (Allen & Pitts, 2025). Слично, во Обединетото Кралство се развиени програми како „Unpaid Work in Nature“, каде лицата во пробација работат во шумски и урбани средини, одржување на паркови, рекреативни површини и биодиверзитетски проекти (Allen & Pitts, 2025). Понатаму, иницијативите како отстранување на пластика за еднократна употреба, користење електрични алатки и партнерства со еколошки организации (на пр. Forestry England и Canal & River Trust) покажуваат дека пробациските служби можат да бидат активен чинител во транзицијата кон зелена економија (Allen & Pitts, 2025). Овие активности истовремено придонесуваат за намалување на рецидивизмот преку развој на работни навики, чувство на одговорност и зајакнување на позитивниот социјален идентитет. Зелената пробација се смета за особено значајна бидејќи овозможува премин од казнување кон рехабилитација преку практично ангажирање во активности со општествена и еколошка вредност. Преку ваквиот модел се создава можност за развој на патишта кон вработување во зелениот сектор, како што се хортикултура, рециклирање, обновлива енергија и одржливо земјоделство (Allen & Pitts, 2025). Ова дополнително ја зајакнува интеграцијата помеѓу ресоцијализациските цели и одржливиот развој. Од перспектива на кривичната правда, зелената пробација претставува стратегија со висок потенцијал за намалување на рецидивизмот преку градење позитивен идентитет, зголемување на самодовербата и јакнење на чувството на припадност кон заедницата. Истовремено, таа придонесува за поголема општествена корисност на пробациските мерки, бидејќи резултира со директни еколошки придобивки за локалната заедница (Allen & Pitts, 2025).

Во таа смисла, зелената пробација се развива како дел од поширокатa „Агенда за зелена пробација“, која повикува на интеграција на еколошките цели во системите за кривична правда на национално, регионално и меѓународно ниво, со цел усогласување на рехабилитацијата со одржливиот развој (Allen & Pitts, 2025).

Европска гаранција за деца

Европската гаранција за деца претставува стратешка политика на Европската унија насочена кон спречување и намалување на детската сиромаштија и социјалната исклученост преку обезбедување еднаков и навремен пристап до клучни основни услуги за сите деца, особено за оние во ранливи и маргинализирани категории (European Commission, 2021). Овие услуги вклучуваат образование, здравствена заштита, социјална поддршка, адекватно домување и соодветна исхрана, кои се сметаат за фундаментални предуслови за здрав развој и социјална интеграција на детето.

Од перспектива на децата во ризик и децата во судир со законот, Европската гаранција за деца има особено значење, бидејќи овозможува системски пристап кон намалување на структурните нееднаквости кои придонесуваат за појава на детското престапништво. Со тоа, се создаваат услови за рана интервенција, превенција и поддршка на ресоцијализацијата, наместо исклучиво казнено ориентиран пристап.

Во поширок контекст на социјалните политики, оваа рамка овозможува интеграција на иновативни и интердисциплинарни пристапи, како што се зелената социјална работа и зелената пробација. Овие пристапи, кои комбинираат социјална поддршка со активности во природна средина, се усогласуваат со целите на Европската гаранција за деца преку промовирање на инклузија, јакнење на отпорноста и намалување на социјалната маргинализација.

Со тоа, Европската гаранција за деца не претставува само политичка рамка, туку и основа за развој на иновативни модели на социјална и младинска работа, кои имаат потенцијал да придонесат кон долгорочно намалување на детската сиромаштија и превенција на детското престапништво.

НАСОКИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА И РАЗВИВАЊЕ ЕКО-СОЦИЈАЛНИ МОДЕЛИ ПРОГРАМИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Синергијата меѓу социјалната работа, бихевиоралното здравје и еколошките пристапи отвора можност за редефинирање на програмите за превенција и ресоцијализација на деца во ризик и деца во судир со законот во Република С. Македонија. Наместо фрагментирани и реактивни интервенции, се развива потреба од интегриран еко-социјален модел кој истовремено делува на индивидуалното однесување, семејниот систем, заедницата и поширокаата еколошка средина. Во таков модел, интервенцијата не се сведува само на корекција на однесување, туку на холистичка трансформација на животниот контекст на детето преку четири меѓусебно поврзани димензии, прикажани во табела бр.1.

Табела бр. 1 Приказ на интегриран еко-социјален модел за ресоцијализација и развој на децата во ризик (меѓусебна циклична повразност)

1. Интеграција на бихевиоралното здравје во програмите за ресоцијализација Практичната примена на бихевиоралното здравје подразбира развој на структурирани програми кои директно работат на: • регулација на емоции (емоционална стабилност), • развој на самоконтрола и импулсна контрола, • унапредување на социјални и комуникациски вештини. Во овој контекст, зелената социјална работа се користи како природен „терапевтски простор“ во кој децата преку активности во природа (работа во групи, еко-акции, садење, грижа за животна средина) спонтано ги вежбаат овие вештини. Природната средина функционира како стабилизатор на стрес и регулатор на емоционална реактивност, што е особено значајно кај деца со импулсивно и агресивно однесување.	**4. Усогласување со Европската гаранција за деца** Практичната имплементација на еко-социјалните модели треба да биде усогласена со Европската гаранција за деца, преку: • обезбедување пристап до квалитетни социјални и образовни услуги, • развој на програми за деца од сиромашни и маргинализирани средини, • интеграција на превентивни и рани интервенции во градинките, училиштата и заедницата.
2. Развивање на еко-социјални програми во заедницата Еко-социјалните програми треба [illegible] бидат структурирани како долгорочни инте[illegible]венции во заедницата, а не како еднократни акции. [illegible]е да вклучуваат: • локални еко-клубови за деца и млади во ризик, • програми за „зелено менторство“ (социјален работник + психолог + еко-социјален ментор), • училишни зелени работилници, • програми за ресторативна правда преку еколошка работа. Овие програми ја зајакнуваат социјалната вклученост, го намалуваат чувството на изолација и создаваат позитивен идентитет на младата личност како „актер на промена“, наместо како „престапник“.	**3. Поврзување со моделот на зелена пробација** [illegible] пробација може да се интегрира како формализ[illegible]ран дел од системот на алтернативни мерки и [illegible]кции, при што: [illegible]ите во заедницата се заменуваат со еколошки корисна работа (општокорисна работа), • се развиваат индивидуални планови за ресоцијализација базирани на зелени активности, • се вклучуваат локални институции и здруженија на граѓани. Овој пристап овозможува истовремено исполнување на правните обврски и развој на работни и животни вештини, што директно придонесува кон намалување на рецидивизмот.

Во практична смисла, интегрираниот модел може да се прикаже како поврзување на четири системи:

- социјален систем (социјални работници, центри за социјална работа),
- здравствен систем (психолози, психотерапевти, бихевиорално здравје),
- образовен систем (училишта, педагози),
- еколошки систем (локални еко-организации, заедница).

Овие системи функционираат синхронизирано околу детето како централна точка, при што интервенцијата се движи од индивидуално ниво кон заедницата и општеството.

Табела бр. 2 Приказ на студија на случај како пример за еко-социјална интервенција

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПИЛОТ-ЕКО СОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Контекст

Во рамки на пилот-програма, беше реализиран еко-социјален интервенциски циклус со група од 12 деца на возраст од 14 до 16 години, со историја на нарушено однесување и ризик од повторно престапништво.

Цел на интервенцијата

- намалување на агресивно и импулсивно однесување,
- развој на самоконтрола и емоционална регулација,
- зголемување на социјална интеграција,
- јакнење на просоцијален идентитет.

Методи

Интервенцијата се состоеше од:

- неделни активности во природа (садење дрвја, уредување парк, чистење на околината),
- групна работа со психолог и социјален работник,
- рефлексивни сесии по секоја активност,
- елементи на ресторативна практика (дискусија за одговорност и последици).

Резултати (квалитативни наоди)

По период од 8 недели беа забележани следниве промени:

- намалување на вербална и физичка агресија во групата,
- зголемена способност за тимска работа,
- подобрена емоционална контрола во стресни ситуации,
- зголемено чувство на припадност кон групата и заедницата,
- изразување на позитивен став кон учество во еколошки активности.

Интерпретација

Резултатите укажуваат дека природната средина функционира како стабилизирачки фактор во бихевиоралната регулација, додека групната еко-работа овозможува развој на нови социјални улоги и идентитети. Детето постепено се преместува од улога на „ризично“ кон улога на „активен учесник во заедницата“.

Заклучни согледувања

Заклучно, интегрирањето на зелената социјална работа, бихевиоралното здравје и моделот на зелена пробација претставува современ и холистички пристап во превенцијата и ресоцијализацијата на деца во ризик и деца во судир со законот во Република С. Македонија. Наместо фрагментирани и казнено ориентирани интервенции, овој модел нуди системска рамка која истовремено ги адресира индивидуалните, семејните, заедничките и еколошките фактори кои влијаат врз појавата на престапничко однесување.

Резултатите од теоретската анализа и практичните пилот-активности укажуваат дека природната средина има значајна улога во подобрување на емоционалната регулација,

самоконтролата и социјалното функционирање кај децата, додека еко-социјалните активности придонесуваат за развој на просоцијален идентитет и намалување на ризикот од повторно престапништво. Истовремено, зелената пробација овозможува трансформација на мерките во заедницата во рехабилитациски и еколошки корисни активности, со што се зајакнува нивната општествена вредност и ефективност.

Клучната трансформација се случува на четири нивоа:

1) природата станува терапевтски и образовен ресурс,
2) заедницата станува активен носител на промена,
3) правдата се трансформира во рехабилитациски процес,
4) детето станува ко-креатор на сопствениот развој.

Во македонскиот контекст, овој интегративен пристап има потенцијал за понатамошна институционализација во системите на социјална заштита, правда за деца и младинска политика, особено преку усогласување со европските стандарди како Европската гаранција за деца. Со тоа, се создава можност за премин од реактивен кон проактивен, превентивен и развоен модел на работа со деца, кој ја става благосостојбата на детето во центарот на интервенцијата. Еко-социјалниот модел базиран на зелената социјална работа, бихевиоралното здравје и принципите на зелената пробација претставува иновативен пристап во ресоцијализацијата на деца во ризик и во судир со законот.

Референтна листа

Allen, R., & Pitts, J. (2025). *Green probation and environmental justice in criminal justice systems*. Routledge.

Carter, M. (2007). *Green care and rehabilitation: Nature-based interventions in youth justice*. Journal of Social Work Practice, 21(3), 245–260.

Dominelli, L. (2012). *Green social work: From environmental crises to environmental justice*. Polity Press.

European Commission. (2021). *EU strategy on the rights of the child and the European Child Guarantee*. Publications Office of the European Union.

Farrington, D. P. (2012). *Families and crime*. Routledge.

Kuo, F. E., & Sullivan, W. C. (2001). Aggression and violence in the inner city: Effects of environment via mental fatigue. *Environment and Behavior, 33*(4), 543–571.

Substance Abuse and Mental Health Services Administration. (2020). *Behavioral health services: Definition and integration*. U.S. Department of Health and Human Services.

Taylor, A. F., Kuo, F. E., & Sullivan, W. C. (2015). Coping with ADD: The surprising connection to green play settings. *Environment and Behavior, 33*(1), 54–77.

UNICEF. (2023). *Children in North Macedonia: Situation analysis and child well-being report*. UNICEF Country Office North Macedonia.

White, R., & Graham, H. (2015). *Nature and social justice: Rewilding and green care in youth justice settings*. Policy Press.

Закон за правда за децата на Република Северна Македонија. (2024). Службен весник на Република Северна Македонија.

Годишна програма за работа на Здружението на социјални работници на Македонија (ЗСРМ). (2026). Скопје: ЗСРМ.

ZZZ – Green Advocacy Platform. (n.d.). *Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина: Пилот активности и програми*.. https://zzz.org.mk/

GREEN SOCIAL WORK AND BEHAVIORAL HEALTH AS AN INTEGRATIVE APPROACH TO THE RESOCIALIZATION OF CHILDREN AT RISK AND IN CONFLICT WITH THE LAW

Natasha Pavikevic – Stojmenovska
Social worker
President of the Association of Social Workers of Macedonia, Skopje

Vesna Milosavljevic
Psychologist and psychotherapist
Association of Social Workers of Macedonia, Skopje

Abstract: *The Occurrence of Children in Conflict with the Law in Society is a complex social phenomenon that is the result of the interaction between individual, family and social risk factors. In recent decades, the scientific and professional literature has increasingly emphasized the need for integrative approaches that, in addition to the legal and social aspects, also include the concept of behavioral health, i.e. factors related to the emotional well-being, behavior and psychosocial development of children. In this context, green social work is developing as a modern approach that connects the principles of social justice, sustainable development and the promotion of mental and behavioral health through activities related to the natural environment and the community. The aim of this paper is to analyze the potential of green social work as an approach in the development and implementation of environmental programs aimed at the resocialization of children in conflict with the law, with special emphasis on their impact on improving behavioral health and the development of prosocial behavior. The paper is based on an analysis of relevant scientific literature, practical experiences in working with children in conflict with the law in Macedonia, practical experiences from pilot activities for the promotion of green social work in the social protection system and youth work, which are implemented through activities and initiatives of the Association of Social Workers of Macedonia and the platform "Joint for Green Advocacy". The activities include the education of professional workers in the social and child protection system, the development of green programs and encouraging the participation of children and youth in environmental initiatives in the communities. The involvement of children in such activities can contribute to improving emotional stability, developing responsible behavior and strengthening the sense of belonging to the community, which is an important protective factor in the prevention of re-offending. The integration of the principles of green social work and behavioral health represents significant potential for the development of innovative approaches in programs for the prevention and resocialization of children at risk and in conflict with the law.*

Keywords: *green social work, behavioral health, resocialization, children at risk, children in conflict with the law, eco-social programs.*